# Принципи на работа

Деловното друштво Шопинг Центар Нетворк Македонија доо Скопје, скратено СЦНет Македонија доо Скопје, во понатамошниот текст СЦНет, по дејност е дел од меѓународно здружение на потрошувачи во кое на учесниците – во понатамошниот текст "Соработник/Купувач" (Соработници, Потрошувачи...) им се овозможува да низ заедничка организирана потрошувачка стекнат привилегии во форма на: рабат, дисконт, поврат на пари, провизија, награди и други видови привилегии во склоп на постојниот систем.

Регистрацијата во СЦНет системот е бесплатна. СЦНет системот обезбедува интернет канцеларија – web канцеларија - за секој регистриран Соработник/Купувач.

Соработникот/Купувач има можност да купува роба или користи услуги кај оние деловни субјекти, трговски куќи и ланци кои се во договорен однос со СЦНет системот – во понатамошниот текст «Партнери» на еден од можните начини: директно купување за готовина, по пошта, преку интернет, со SMS, со ваучер, со картици на СЦНет системот, дебитни или кредитни картички на банки, чекови на банки ...

Информациите за извршените купувања се достапни на секој Соработник/Купувач во секое време преку интернет сервисот –неговата web канцеларија. СЦНет системот преку интернет сервисот и на други начини воспоставува континуирана врска помеѓу купувачот и трговецот. Реализацијата на остварените права во овој систем на тргување се врши преку непреносливи ваучери во пишана форма и/или онлајн ваучери како и на други начини. Договорот помеѓу Соработникот/Купувач и СЦНет системот е овозможен со примена на договорен однос. Предметот и основата на овој договор се дефинирани со Договор за трговско застапување (Договор), Принципите на работа за СЦНет Купувачите, Принципите на работа за Фирмите Партнери, Правилникот за СЦНет надомест – План за надомест - Правилникот за заштита на лични податоци.

**Поглавје 1. Вовед**

**Поглавје 2. Регистар на поими**

**Поглавје 3. Именување на Купувач и/или Соработник**

**Поглавје 4. Одговорности и должности на Соработникот/Купувач**

**Поглавје 5. Должности и одговорности на сите инструктори**

**Поглавје 6. Употреба на заштитниот назив, жиг и авторските материјали на СЦНет**

**Поглавје 7. Смрт и наследство**

**Поглавје 8. Кршење на договорот, постапки, санкции**

**Поглавје 9. Правила за преструктуирање**

**Поглавје 10. Кобрендинг платежна картичка.**

**Поглавје 11. Политика за фер користење.**

**Поглавје 12. Одговорност.**

**Поглавје 13. Правилник за чување на личните податоци на купувачите и соработниците**

## Поглавје 1. - Вовед

**Принципите на работа («Принципи») дефинираат и утврдуваат:**

(1) одредени принципи кои мораат да се следат и почитуваат при развивање и одржување на самостојното претприемништво ("СП") во склоп на СЦНет системот, и во многу други случаи, работење на Соработникот/Купувач;

(2) правила, должности и одговорности на секој градител на структура - организирана мрежа на потрошувачи во склоп на СЦНет системот.

СЦНет системот и неговите Соработници, Купувачи и Партнери имаат обврзувачки договорен однос. Условите на тој однос се одредени со:

- **Договор за трговско застапување со СЦНет системот**
- **Договор за деловно-техничка соработка со фирмите партнери**
- **Принципите на работа за СЦНет Соработниците/Купувачи**
- **Правилник за надомест- Маркетинг План**
- **Инструкции за преструктуирање**
- **Договор за посредување при плаќање**
- **Правилник за чување на лични податоци**
- **Друга службена литература или коресподенција во СЦНет системот**

Повремено содржината на тие документи се менува. СЦНет системот ги известува раководителите на структури за тие промени. Промените правовремено ќе бидат проследени и на сите останати соработници преку службена литература на СЦНет системот – објавување на официјалниот сајт на СЦНет. Промените стапуваат на сила 7 дена по објавувањето (доколку поинаку не е назначено во самиот документ) на web сајтот на СЦНет во делот Документи. Со цел зачувување на целите и остварување на плановите, СЦНет системот го задржува ексклузивното право на усвојување, измени, прилагодувања, дополнувања и укинувања на некои или сите начела, спрема потреба, а врз основа на важечки одлуки на менаџментот или собранието на акционери во склад со законските норми на дејствување на друштвото.

Наслови: насловите на поглавја, пасуси и точки се воведени исклучиво поради поедноставување и немаат влијание на конструкцијата и интерпретацијата на овие прописи.

## Поглавје 2. - Регистар на поими

### Правилник за надомести и видови на плаќање ("План за надомест-Маркетинг план"):

Систем кој се користи за пресметување на рабати, бонуси, провизии и награди на Соработниците/ Купувачи врз основа на остварени купувања кај Партнерите или депозит (гаранција) опишан во правилникот на СЦНет надокнади и видови на плаќања објавени на службениот сајт на СЦНет под името **План за надомест-Маркетинг план** и во други службени документи на СЦНет системот. Исто така, и поддршката која СЦНет системот им ја обезбедува на Соработниците/Купувачи во согласност со договорот.

### Под простории на СЦНет системот се подразбира:

Канцеларии на СЦНет системот, простор кој СЦНет системот го изнајмува за одржување на јавни собири, состаноци, презентации или семинари како во време на одржување на манифестацијата така и еден час пред и два часа после завршувањето на закупот, доколку просторот е изнајмен.

### Договор за трговско застапување со СЦНет системот

Документ кој го потпишува Соработникот со лице овластено од страна на СЦНет системот со што стекнува права и одговорности спрема Принципите на работа на СЦНет системот и останатите документи. Соработникот-Купувач е согласен со договорот при бесплатната онлајн регистрација.

**СЦНет самостално претприемништво ("СП"):** Работа одредена со идентификационен број и договор со Соработник. Можност за заработка спрема Планот за надомест во склоп на СЦНет системот.

**СЦНет принципи на работа:** Правила и начела одредени со службена литература на СЦНет системот, вклучувајќи ги Принципите на работа, Етичкиот кодекс, Правилникот за контрола на ДДМ, Правилникот за санкционирање на постапки спрема соработниците и различни други правила и документи кои СЦНет системот може повремено да ги уредува и кои се во вид на референци вклучени во Договорот.

**СЦНет додатни деловни материјали (ДДМ):**

ДДМ кои СЦНет системот ги прави или се прават за СЦНет системот. Дефиницијата за ДДМ има широко значење и вклучува: печатен материјал, аудио-видео и мултимедијални материјали, Интернет материјали и услуги, состаноци, презентации, семинари, и други настани како и останати материјали или опрема која се користи со цел информирање или поддршка за користење на системот и купувањата на стоки и услуги кај Партнерите, како и купони, ваучери, карти и програми за едукација.

**Рабат, Поврат, Бонус, Провизија и Награди:** се однесува на правата кои Соработникот/Купувач ги остварил спрема СЦНет Планот за Надомест.

**Работен период**

Пресметковен период од 360 дена.

**Препорака**

Проследена информација од Соработникот/Купувач за деловната можност и можностите на СЦНет системот.

**Регистрација:**

Под регистрација се подразбира внесување на бараните лични податоци и прифаќање на условите на работа на СЦНет системот на официјалната интернет страница на системот.

**Структура/Мрежа**

Организирана мрежа на Соработници/Купувачи кои меѓусебно се поврзани со ID броеви спрема редоследот на препораките и регистрациите.

**Гранка**

Дел од структура која почнува од еден Соработник/Купувач и во која сите Соработници/Купувачи се меѓусебно поврзани со ID броеви спрема редоследот на прифаќање на условите на работа на СЦНет системот.

**Купувач / Лојален Потрошувач**

Правно или физичко лице регистрирано на web страницата на СЦНет системот поврзано со ID број со соработникот/купувачот кој му го препорачал системот. Лојалниот Потрошувач нема можност да регистрира членови преку својот ИД број. Доколку сака, на сопствено барање статусот му се менува во Соработник.

**Соработник**

Физичко или правно лице регистрирано на web страницата на СЦНет системот. Соработникот има право и можност да регистрира други Соработници/Купувачи. Соработникот е самостален претприемач во оквир на СЦНет системот а не е ниту комерцијален претставник, агент, вработен во СЦнет системот или посредник.

Соработниците можат да имаат и други називи во оквир на СЦНет системот а во склад со Планот за надомест и други службени документи.

Ниеден соработник не смее да ја претставува деловната можност на СЦНет системот на некој друг начин туку исклучиво како деловна можност достапна на сите без оглед на расата, полот, националната припадност, верски или политички убедувања.

**Соработник со добро реноме**

Со цел примена и интерпретација на Принципите на Работа, терминот "добра репутација" ќе се однесува на оној соработник на СЦНет системот кој е овластен од страна на СЦНет системот да се представува како Соработник и чие однесување е во склад со правилата и во духот на Принципите на Работа и Правилата на Работа во сите држави и пазари во кои Соработникот е присатен; кој не се однесува на начин кој негативно влијае на репутацијата на СЦНет системот, и репутацијата на партнерските фирми како и на репутацијата на останатите Соработници на СЦНет системот; чие однесување не е спротивно на останатите Правилници и критериуми на СЦНет системот и кој не ја загрозува трајната природа на СЦНет системот без обзир на пазарот на кој се работи; кој не се однесува спротивно на законите и одредбите во било која земја каде што работи и чие однесување покажува културна осетливост и разлики кога се во прашање условите на пазарот. За интерпретација

на сите применливи закони и одредби одговорни се исклучиво правните субјекти на СЦНет системот. Соработниците ќе се придржуваат кон интерпретацијата на правните субјекти на СЦНет системот.

### Директен соработник

Соработник кој се вклучил во СЦНет системот на директна препорака на друг соработник – чиј ID број е непосредно поврзан со ID бројот на препорачателот – инструктор.

### Индиректен соработник

Соработник кој е член на организација на друг соработник и неговиот ID број посредно – преку друг или преку низа поврзани ID броеви е поврзан со неговиот ID број.

### Инструктор

Носител на работата во однос на свиоте директни и индиректни соработници.

### Меѓународен инструктор

Инструктор кој гради интернационална организација, т.е. има соработници во други држави каде СЦНет ја развива својата работа. Во однос на соработниците она другите држави е меѓународен инструктор.

### Инструкторска линија

Сите соработници временски регистрирани и меѓусебно поврзани со ID броеви: директен инструктор – директно поврзан со ID број, инструктор на директниот инструктор и нагоре, се до СЦНет.

### Депозит (Гаранција за идни купувања)

Уплата на соработникот/купувач на жиро сметка на СЦНет која се распоредува на негова привремена подсметка во склоп на СЦНет системот, која соработникот/купувач ја користи за свои идни купувања. Депозитот (гаранцијата) кој се наоѓа на привремената сметка на соработникот/купувач може да се користи во полн износ  за купувања на роба и услуги кај мрежата на партнерски фирми (преку онлајн ваучер или СЦНет картичка). Времето за користење на депозитот кој се наоѓа на привремената сметка е неограничено.

Префрлување, нарачување, од привремената подсметка на соработникот/купувач уплатениот депозит (гаранција) станува ангажиран депозит (гаранција) и е видлив на подсметката на ангажираниот депозит (гаранција). Од него се формира право на профит, по налог на соработникот/купувач и со негово одобрување, а во склад со Планот за надомест и други службени документи.

По желба на соработникот и со негово одобрение, а во склад со Планот за надомест и Договорот од ангажираниот депозит се формира право на профит (позиција во бинарното стебло на Соработникот – и тоа од тој момент учествува во Планот за надомест и како дел од идни рабати може да се дели со другите членови- соработници на СЦНет системот.

Времето за користење на ангажираниот депозит (гаранција), како дел од поголемо купување е ограничен на две години од денот на префрлување од привремената сметка. На писмено барање на соработникот овој рок може да се продолжи на максимални три години. СЦНет има право да за потребите на функционирање на целокупниот систем користи дел од ангажираните депозити. Ангажираниот депозит/гаранција во никој случај не може да се искористи на друг начин или да му се врати на Соработникот во целост  на привремена сметка. Може да се искористи(потроши) исклучиво при купувања кај  Фирмите Партнери објаснето во Планот за надомест.

### Рабат

Износ кој партнерската фирма го одобрува на членовите на СЦНет системот како лојални купувачи заради: зголемување на прометот, маркетиншки услуги, рекламирање, препораки и обезбедување на нови купувачи.

### Бинарно стебло или бинарна матрица:

Профит правата сложени според правилата на бинарно сложување: секое ПП има две слободни врски на кои се надоврзуваат наредни две профит права. Секој соработник кој има профит право, има свое бинарно стебло во склоп на СЦНет системот.

### Трговска категорија

Категорија на потрошувачката. Во склоп на СЦНет системот предвидени се шест трговски категории кои се дефинираат со вредностите на профит правата за секоја категорија посебно. Во склоп на секоја трговска категорија соработникот/купувач може да има свое бинарно стебло доколку претходно нарачал ПП за соодветната трговска категорија или доколку ги исполнил условите спрема маркетинг планот на СЦНет системот.

### Кариера

Систем на напредување при градење на самостојно претприемништво во склоп на СЦНет системот детално опишан во **Планот за надомест-Маркетинг план**.

### Кариерна позиција или Позиција во кариерата

Одреден степен на развој на самостојното претприемништво кој соработникот го достигнал во склоп на СЦНет системот спрема Планот за надомест (7 редовни кариерни позиции и 7.1 до 7.9 суперпозиција). Еднаш постигната кариерна позиција не може да се намали или изгуби освен во случај на раскин на Договорот.

### Кариерна единица – директна и индиректна

Секое право на профит во склоп на структурата на соработникот/купувач е кариерна единица.

Директна кариерна единица

Право на профит на директен соработник спрема правилата за вредност на профит правата зависно од трговската категорија.

Индиректна кариерна единица

Право на профит на индиректен соработник спрема правилата за вредност на профит правата зависно од трговската категорија.

### Провизија

Заработка на соработникот спрема правилата на Планот за надомест – Маркетинг план.

### Ваучер

Налог спрема СЦНет системот за пренос на средства од привремената подсметка на депозит, од подсметка на ангажиран депозит и/или од подсметка на остварени рабати на соработникот/купувач на жиро сметка на партнерска фирма во име и за сметка на соработникот/купувач.

Со издавање на налог за пренос на средства на сметка на партнерска фирма се формира документ под името Ваучер, кој има единствен број (шифра) кој истовремено се сместува во web канцеларијата на соработникот/купувач и во web канцеларијата на партнерската фирма.

Соработникот/Купувач и партнерската фирма можат да го отпечатат од својата web канцеларија. Содржина на ваучерот: ID на соработникот/купувач, шифра на ваучерот, вредност на ваучерот, рабат кој партнерот го одобрува, име, презиме, ЕМБГ и адреса на соработникот/купувач, назив на фирмата партнер, жиро сметка, адреса и web адреса на фирмата партнер, дата на издавање и дата на важност, дел за белешки. ЦНет системот по бесплатната регистрација добива на користење интернет или web канцеларија. Самиот ги дефинира своите корисничко име и лозинка. Лозинките за пристап до интернет канцеларијата во базата на податици во СЦНет системот се чуваат во криптиран облик па со самото тоа СЦНет нема пристап до интернет канцеларијата која соработникот/купувач ја добил на користење, па со самото тоа СЦНет не одговара за било какви промени предизвикани од несовесно чување на податоците за пристап до web канцеларијата како ниту за исправноста на податоците на соработникот/купувачот. Секој соработник/купувач е одговорен за чување на својата лозинка и за исправноста на податоците кои ги внел при регистрацијата или подоцна при измена на податоците. Лозинката е тајна и овозможува пристап до подсметките и налозите кои соработникот/купувач ги има во склоп на СЦНет системот. Соработникот/купувач не треба својата лозинка јавно да ја соопштува ниту да ја чува на места достапни на други лица.

Секоја партнерска фирма при потпишување на договор за деловно-техничка соработка со СЦНет системот добива на користење своја web канцеларија, која ја користи за евидентирање и пратење на прометот на соработникот/купувач на СЦНет системот, спрема упатството за фирми партнери.

### Подсметки

1. Привремена подсметка – Сметка на која се книжат депозитите (гаранции за идни купувања) кои соработникот/купувач ќе ги уплати.
2. Сметка на акумулации – Сметка на која се книжат акумулираните износи на соработникот/купувач остварени со купување кај партнерските фирми а спрема Планот за надомест.
3. Подсметка на провизии – Сметка на која се книжат сите провизии на купувачот и/или соработникот спрема Планот за надомест.
4. Подсметка на ваучери – Сметка на која се книжат сите износи на ваучерите на соработникот/купувач а спрема Планот за надомест.
5. Подсметка на ангажирани депозити – Сметка на која се книжат ангажираните депозити и нивната потрошувачка.
6. Подсметка на поврат на пари – Сметка на која се книжат сите износи на поврат на пари – рабати на соработникот/купувач.
7. "Online" ваучери – Евиденција на сите налози за уплата на средства спрема партнерските фирми кои соработникот/купувач ги формирал во својата web канцеларија и сотоа дал налог на СЦНет за пренос на средства на жиро сметката на одредена партнерска фирма, а на свое име.
8. Листа на купувања – Евиденција на сите купувања кои соработникот/купувач ги направил кај партнерските фирми со износот и датата на купувањето.

### Кариерна листа

Листа на која е прикажана структурата на соработниците/купувачите со бројот на директни и/или индиректни кариерни единици.

### СЦНет заработка

Заработка која соработниците/купувачи ја остваруваат спрема Планот за надомест.

### Преклопувачки бонус

Бонус кој соработникот го остварува на СЦНет заработката на своите соработници.

### Sales Agent

I кариерна позиција која се стекнува со  регистрацијата во СЦНет системот.

### Sales Advisor

II кариерна позиција која се стекнува со акумулација на најмалку 300 единици во еден работен период.

### Sales Manager

III кариерна позиција која се стекнува со акумулација на најмалку 1000 кариерни единици во еден работен период.

### Group Manager

IV кариерна позиција која се стекнува со акумулација на најмалку 3000 кариерни единици во еден работен период.

### Team Director

V кариерна позиција која се стекнува со акумулација на најмалку 10000 кариерни единици во еден работен период.

### Division Director

VI кариерна позиција која се стекнува со акумулација на најмалку 30000 кариерни единици во еден работен период.

### Owner Director

VII кариерна позиција која се стекнува со акумулација на најмалку 80000 кариерни единици во еден работен период.

**Награда за успешност**

Значки, патувања и други награди спрема Планот за надомест и други документи кои СЦНет може да ги донесе за одредени достигнувања во работата на соработникот.

**Награди за лидерство**

Награди за соработниците за успешно градење на организацијата после позицијата VII спрема Планот за надомест.

**Припаѓачки документи**

Се однесува на други документи вклучени во овој документ со повикување на истите и со тоа се составен дел на овој документ.

## Поглавје 3. - Именување на Купувач и/или Соработник

**3.1.1** Во текот на бесплатната регистрација на сајтот на СЦНет системот физичкото или правното лице има обврска да го внесе ID бројот на препорачателот доколку постои и точни лични податоци. После успешната регистрација на e-mail адресата која ја навел ќе добие маил со својот ID број, корисничко име и избраната лозинка со активационен линк со кој го активира својот статус. Од тој момент понатаму може да ги користи сите погодности на СЦНет системот како купувач. При регистрацијата Соработникот/Купувач се согласува со службените документи на СЦНет системот и ги прифаќа истите во целост.

**3.1.2**. Брачни другари и деца може да работат со посебни ID броеви. Доколку одлучат да работат на исти ID број, сами одлучуваат на кој од своите (една) жиро сметки СЦНет ќе ја префрлува заработката и тоа со внесување на таа жиро сметка и име на банката во својата интернет канцеларија.

**3.2.** Ако два соработника стапат во брак, не можат по автоматизам да бараат поврзување на работата ниту преместување на мрежите. Можат да ја продолжат работата во структурите на своите инструктори како и дотогаш или еден од нив може да се откаже од својата изградена организација (со продажба или откажување) и да се придружи на организацијата на својот сопружник.

**3.3.1** Личноста не смее да биде во затвор или друга поправна установа;

**3.3.2** Член на СЦНет системот може да биде секој постар од 16 години. Доколку личноста е помлада од 18 потребно е да достави согласност до СЦНет од родител или старател.

**3.3.3** Не смее да има ментални пречки за водење на работата;

**3.3.4** Не смее да има раскинат договор врзан за претходен договор за застапување поради кршење на договорот или други правилници на СЦНет системот со кои е предвидено раскинување на договорот.

**3.4 Прифаќање или одбивање на Договорот на СЦНет системот:**

СЦНет системот го задржува правото за неприфаќање или одбивање на Договорот за трговско застапување.

**3.5 Дата на овластување:**

Купувачот стекнува право со датата на регистрација во СЦНет системот. Соработникот стекнува права со датата на регистрација во СЦНет системот како и/или со датата на потпишување на Договорот за трговско застапување.

**3.6 Забранети активности на инструктор:**

Регистрацијата на соработник/купувач како и инструкторската поддршка не смее да се услови:

**3.6.1** Со барање за уплата на одреден износ на депозит или ангажиран депозит.

**3.6.2** Не смее да се условува со регистрација на одреден број на купувачи и/или соработници.

**3.6.3** Не смее да се условува со купување на било каква роба или „работен материјал“ или „литература“ која не е произведена или одобрена од СЦНет системот или било каква друга роба.

**3.6.4** Не смее да се услови со купување на одреден број на карти за семинар на СЦНет, или присуство на семинари или други собири на СЦНет.

**3.6.5** Единствен услов кој инструкторот може да го бара од новиот Купувач или Соработник е запознавање со правилата и можностите на СЦНет системот.

**3.7 Траење и рок:**

Купувачот и/или соработникот имаат со СЦНет системот траен Договор освен доколку не дошло до раскин од страна на СЦНет системот поради непридржување на правилата Принципите на работа и останатите соодветни документи и упатства, или на барање на Купувачот и/или Соработникот.

**3.7.1** Доколку дојде до раскин на договорот на барање на СЦНет системот или на барање на соработникот:

**3.7.2** СЦНет се обврзува дека ќе го превземе целиот ДДМ по цена која Купувачот/Соработникот ја платил намалена за 40%.

**3.7.3** Купувачот и/или Соработникот има право да потроши средства од својата привремена сметка, од подсметката ангажирани депозити, ваучери, има право да бара исплата на провизии и поврат на пари заработени до моментот на раскин на договорот – доколку ја доставил целата потребна документација наведена во инструкциите за исплата на провизии, со податоци за својата сметка и банката кај која таа се наоѓа и тоа спрема правилата и динамиката кои важат во СЦНет системот.

**3.7.4** Нема право ниту на еден вид заработка, бонуси, рабат, награди или било какви други приходи настанати после моментот на раскин на договорот.

**3.7.5** Неговата организација сеореместува нагоре, со компресија, до првиот виш инструктор кој станува директен инструктор на неговите директни соработници.

**3.8.** До раскин на Договорот од страна на СЦНет системот може да дојде во случај:

**3.8.1** **Заговор:** поттикнување на кршење на правилата и Принципите на работа, Договорот за трговско застапување и останатите документи кои се нивни составен дел. Соработникот/Купувач не смее да се здружи со друга личност со цел кршење или поттикнување на кршење на Принципите на работа и правилата во документите кои се составен дел на Принципите.

**3.9** **Прекорачување на овластувањата:** Соработникот не смее да ги прекорачи овластувањата кои му се доделени во склад со Договорот за трговско застапување. Секоја таква активност представува кршење на договорот.

**3.10** **Изјави и гаранции:** Соработникот не смее лажно да се представува ниту да дава погрешни изјави во име на СЦНет системот. Не смее да дава лажни изјави ниту лажно да ги представува елементите и концептот на СЦНет системот. Не смее да дава лажни ветувања. Сето тоа се смета за кршење на Договорот за трговско застапување и Принципите на работа.

**3.11** **Правилник за санкционирање на постапки спрема неовластени активности на Соработникот/ Купувач**

**3.11.1** Поставување на сопствена web страница со знакот, логото, името и материјалите кои без одобрување на СЦНет ги поставува на свој сајт.

Последица на неовластени активности од овој вид, може да бидат, без оглед на правото и правните средства кои инаку се на располагање, причина за моментално укинување на правата и привилегиите во склоп на СЦНет системот на неодредено време.

**3.11.3** Web страници за пронаоѓање на нови Соработници/Купувачи кои неточно ја претставуваат можноста на СЦНет системот исто така се смета за неовластено дејствување поради поткопување на вербата која ја застапува СЦНет системот.

**3.12** **Заобиколување на принципите на работа:** Во случај на заобиколување ии спротивно дејствување на Принципите на работа, СЦНет системот може во секој момент да превземе корективни мерки спрема сопствена проценка.

## Поглавје 4. – Одговорности и должности на Соработникот/Купувач

**4.1** **Придржување кон правилата на работа (измени и дополнувања) на СЦНет системот со добра намера:** Соработниците/Купувачи мора строго да се придржуваат кон насоките, постапките и правилата наведени во СЦНет правилата на работа чиј дел се овие Принципи на работа, со придржување на сите дополнувања на овие правила воведени во било кој момент. Соработникот/ Купувач е должен да ги прати промените на правилата на СЦНет системот кои ќе бидат објавувани на официјалниот сајт во делот Документи. Сите Соработници/Купувачи мораат да постапуваат и работат,

на законски начин, со добра намера и на чесен начин во склад со условите на Договорот за трговско застапување и овие Принципи на работа.

**4.1.1 Должност за пријава на повреда на правилата**: Соработникот/Купувач мора веднаш да го извести СЦНет системот за било каква вистинска, потенцијална или претечка повреда на Договорот од страна на друг Купувач и/или Соработник или на законските прописи или правила.

**4.1.2 Соработка во случај на истрага:** Соработникот/Купувач мора да соработува во секоја истрага која СЦНет ја спроведува, во врска со активностите кои евентуално се во спротивност со неговиот/нејзиниот договор или договорот на друг Соработник/Купувач.

**4.2.** Соработникот/Купувач не смее без одобрување од СЦНет да ги презентира можностите на СЦНет системот, Планот за надомест ниту да учествува во слични активности по пат на медиумско емитување, вклучително и масовно испраќање на електронска пошта, телемаркетинг, национално или интернационално рекламирање, радио, телевизија, факс пораки, компјутерски комуникациски мрежи, вклучително интернет, или други начини кои исклучуваат личен контакт со потенцијални Соработници/Купувачи. Соработниците/Купувачи може да употребуваат дигитални медиуми или да имаат интернет страница за употреба и доаѓање во контакт со потенцијални Соработници/Купувачи, доколку содржината на тој медиум или страница е во склад со барањата поставени во Правилникот за огласување на интернет кој е во склад со Принципите на работа.

**4.3 Вистинито и точно:** Соработникот/Купувач на СЦНет системот не смее:

**4.3.1** Да дава претерани тврдења за можностите и заработките во состав на СЦНет системот.

**4.3.2** На било кој начин неточно ги претставува елементите на концептот или целиот концепт на СЦНет системот.

**4.3.3** Да им изјавува на потенцијалните Соработници/Купувачи дека лесно ќе дојдат до големи заработки.

**4.3.4** На останатите Соработници/Купувачи на СЦНет системот да им нуди друга роба или услуги надвор од доменот на фирмите партнери.

**4.4 Придржување кон позитивните законски прописи и начела:** Соработникот/Купувач мора да ја врши својата дејност во склад со сите закони, прописи и начела без оглед каде таа се врши. Соработниците/Купувачи на СЦНет системот не смеат да вршат никакви активности кои можат да го нарушат угледот на Соработникот/Купувачот, угледот на СЦНет системот или угледот на партнерската фирма.

**4.5 Незаконско и неморално дејствување:** Соработникот/Купувач не смее да учествува во било каков вид на неморално, илегално или противзаконско работење.

**4.6 Професионалност:** Соработникот/Купувач во секое време мора да се однесува на културен и внимателен начин и нема да употребува тактика на вршење притисок, туку ќе направи чесна презентација на СЦНет системот, Планот за надомест и тоа во прикладно време и на прикладно место.

**4.7 Однос Соработник/Купувач:** Соработникот/Купувач никогаш не смее да се представува како вработен во СЦНет системот.

**4.8** Соработникот/Купувач кој неточно го представува СЦНет системот, Планот на наградување и целиот концепт мора на СЦНет да му ги надомести трошоците и штетата настанати со лажното представување, вклучувајќи и со закон определени надокнади кои евентуално би го оптеретиле СЦНет системот, а кои би произлегле од таквото однесување на Соработникот/Купувач.

**4.9** Соработникот има статус на самостоен претприемач и делува како самостојна договорна страна на СЦНет системот.

Не смее да имплицира дека е вработен во СЦНет или "агент," "менаџер" или "претставник на компанијата", или пак да употребува терминологија или опасни фрази кои имплицираат такви или слични положби во своите изјави, на својот материјал за пишување или друг печатен материјал.

**4.10 Франшизи и подрачја:** Соработникот/Купувач не смее никому да тврди дека во СЦНет системот му се достапни ексклузивни франшизи или подрачја.

**4.11 Продажни активности кои не се во склоп на СЦНет:** Соработникот/Купувач не смее да продава, промовира или профитира од продажба или промоција на ДДМ освен ако тоа е во склад со

правилата или постапкит кои ги вовел СЦНет системот како што е наведено во правилото број 7 на овие Принципи на работа или Правилникот за ДДМ или или некои правила или постапки.

**4.12 Одговорна работна пракса:** Соработникот/Купувач мора својата работа во склоп на СЦНет да ја води на финансиски одговорен, солвентен, деловен начин. СЦНет има право да спроведе одредени мерки против Соработникот/Купувач за кој знае или има причина да верува дека својата деловна активност ја води на финансиски неодговорен и неделовен начин.

**4.13 Junk mail:** Соработникот/Купувач не смее да испраќа, проследува или на некој друг начин пренесува несакани електронски пораки, во било каков формат, на личности со кои соработникот/купувач нема веќе постоечки личен или деловен однос. Тоа вклучува, но не е ограничено, на испраќање електронски пораки, огласување во публикации, масовни SMS пораки, купени маилинг листи, "сигурни листи", или други листи на луѓе или субјекти со кои Соработникот/Купувач не е во никаков однос.

**4.14 Објавување на оглас за вработување:** Доколку Соработникот/Купувач одговори на оглас за вработување на личност која бара вработување, јасно ќе нагласи дека нуди деловна можност, а не можност за вработување. Целиот материјал кој се употребува за потенцијалниот Соработник/Купувач мора да биде одобрен од страна на СЦНет системот во склад со Правилото 7 од Принципите на работа.

**4.15 Манипулација со Планот за надомест на СЦНет системот:** Ниту еден Соработник/Купувач нема да манипулира со Планот за надомест ниту ќе обезбедува кариерни единици на начин кој би резултирал со исплата на бонуси или други награди и признанија кои не се заслужени во согласност со сите документи на СЦНет системот.

**4.16 Ажурирање на лични/деловни информации:** Сите Соработници/Купувачи се должни да ажурираат точни податоци во својата интернет канцеларија (нпр. име, адреса и броеви на телефон, итн.) или деловни информации (точен број на жиро сметка, назив на банка итн.)

**4.17 Приватност и доверливост:** Сите Соработници/Купувачи мора да се придржуваат до Правилникот за чување на лични податоци на сите Соработници/Купувачи во својата структура, а исто така и чување на деловните информации врзани за приходите и заработката во СЦНет системот.

**4.18** Како додаток на одредбите од Правило 9 од Принципите на работа, кои се однесуваат на употреба на заштитено име, жиг и авторски материјали, доверливи и заштитени деловни податоци вклучувајќи, на пример, а неограничувајќи се на, информации за линија на спонзорство (нпр. Информации составени од СЦет и кои откриваат или се однесуваат на сите или само на дел од специфичен распоред на спонзорство во склоп на СЦНет системот, вклучувајќи, без ограничувања, листи на соработници/купувачи, гранки на спонзорства и сите деловни податоци за Соработниците/Купувачи кои произлегуваат од нив, сега или во иднина – дури и во случај на раскин на договорот со СЦНет системот), деловни податоци, развојни планови, деловни планови и приходи кои ги остваруваат Соработниците/Купувачи, заработки и останати финансиски податоци, итн., секомерцијално корисни, единствени и заштитени деловни тајни на СЦНет системот. Сета таа сопвеност е доверлива и представува "Сопствени податоци" кои спаѓаат под условите наведени во договорот за трговско застапување на СЦНет системот.

**4.19** СЦНет системот е единствен сопственик на сите заштитени податоци, кои потекнуваат, кои ги составува, организира и обврзува СЦНет. Соработникот/Купувач признава дека СЦНет е сопственик на сите податоци кои ги добил со вложување на значајно количество на време, труд и средства.

**4.20** СЦНет му доделува лично право на Соработникот/купувач, неисклучиво, непреносливо право на користење на личните податоци само кога тоа е потребно за обавување на неговата работа како што е предвидено во Принципите на работа, вклучувајќи, на пример, Правилник за заштита на личните податоци и останатите услови од Договорот. СЦНет го задржува правото да одбие да додели, или да го отповика ова право по испраќање на оправдано известување до Соработникот/Купувач во кое се наведуваат причините за таквото одбивање или отповикување, кога за тоа, спрема оправдано мислење на СЦНет биде потребно поради заштита на вредноста или доверливоста на личните податоци.

**4.21** Сите Соработници/Купувачи ќе ги чуваат личните податоци во најстрога тајна и ќе ги превземат сите чекори и мерки како би ги заштитиле личните податоци и со тоа сочувале нивната доверливост.

**4.22** Соработникот/Купувач нема да составува, организира, пристапува, создава листи или на друг начин да ги употребува личните податоци, освен ако тоа не му е одобрено од страна на СЦНет; нема да открива лични податоци на трети лица ниту ќе ги користи за било која друга намена.

**4.23** Употребата или откривањето на личните податоци, освен ако е дозволено од страна на СЦНет, на СЦНет би му нанело непоправлива штета и затоа СЦНет може да побара соодветен надомест, отштета и да побара од Соработникот/Купувач да се воздржи од штетни дејствија, како и да користи други средства во согласност со постоечките закони и правила.

**4.24** Во случај да Соработникот/Купувач, намерно или ненамерно, открие лични податоци на трети лица, потребно е веднаш да го извести СЦНет за тоа, како СЦНет би ги превземал потребните мерки:

(I) спречување на понатамошно откривање на податоци од страна на трети лица и (II) како тие трети лица би се обврзале на потпишување на договор за неоткривање на информации на штета на СЦНет а под услови кои се најмалку строги како и условите во овој Правилник.

**4.25** Соработникот/Купувач веднаш ќе ги врати на СЦНет сите заштитени податоци или копии од истите во случај на раскин на договорот без оглед на тоа на чија иницијатива е раскинувањето - и понатаму нема да ги користи во деловни или било какви други цели.

**4.26** Обврските за чување на доверливоста на податоците изложени во овие членови на Принципите на работа важат за целото времетраење на работењето на СЦНет системот како и по истекот или раскинувањето по било која основа.

**4.27 Ризик од загрозување на репутација:**

**4.27.1** Како дел од вообичаените деловни активности кои вклучуваат, без ограничувања, изјави на место од кое се врши презентација, Соработниците не смеат:

1. Да промовираат религиозна, политички и/или лични општествени убедувања;
2. Да истакнуваат дека успехот зависи од одредени убедувања;
3. Да препорачуваат одредени религиозни или духовни пишани текстови и препораки;
4. Да ги предимензионираат приходите вклучувајќи и други извори на приход; извори (нпр. Доход од ДДМ) и да сугерираат дека се резултат на работата во оквир на СЦНет системот;
5. Од местото на презентација да промовираат некоја друга деловна можност која не е во склоп на СЦНет системот на работа.
6. Да истакнуваат дека успехот е можен единсвено ако Соработникот/Купувач го искористи системот на ДДМ на дефиниран начин.

**4.27.2** Лични примедби кои не се примерени:

1. Примедби врзани за специфични политички ставови, партии, кандидати или одбрани функционери.
2. Општествени и културни теми.

**4.27.3** Расправите на местата на кои се одржува деловна презентација мораат да се однесуваат само на моралот и ставовите кои се директно поврзани со работата или градењето на работата.

**4.27.4** Изјави за приходите, било директни или индиректни, мораат да го одразуваат реалниот потенцијал за приходот од работата во склоп на СЦНет системот.

**4.27.5** Користењето и учеството во подготовката на ДДМ мора секогаш да биде одредено како додатна поддршка во изградба на работата во склоп на СЦНет системот.

## Поглавје 5. - Должности и одговорности на сите инструктори

**5.1 Должности и одговорности на инструкторот:** Соработникот/Купувач кој се занимава со инструкторска активност ги има следните должности:

**5.1.1** Запознавање на новиот Соработник/Купувач со распоредот на официјалниот сајт на СЦНет системот доколку користи интернет. Доколку новиот Соработник/Купувач не користи интернет, инструкторот има обврска да за него спреми копии од материјалот, а најмалку: Планот за надомест, копија од презентацијата на концептот и деловната можност, најчесто поставуваните прашања, Принципите на работа и соодветните документи.

**5.1.2** Почитување на договорот, Принципите на работа и сите останати документи кои се составен дел на Принципите на работа.

**5.1.3** Обука на регистрираниот Соработник/Купувач во согласност со Принципите на работа и сите останати документи кои се составен дел на Принципите на работа, како и соработка со вишиот инструктор заради одвивање на успешна обука.

**5.1.4** Сите информации мора да се даваат јасно и вистинито, а посебно информациите врзани за начинот на употребата на депозитот и начинот на остварување на заработката во склоп на СЦНет системот.

**5.1.5** Инструкторот има обврска да својот директен нововклучен Соработник/Купувач го обучи за работа во network marketing областа.

**5.1.6** Инструкторот треба да вложи најголеми напори како новорегистрираните Соработник/Купувач би се придржувале кон одредбите на Договорот вклучувајќи ги Принципите на работа и сите применливи закони и одредби.

**5.1.7** Инструкторот треба да вложи најголеми напори за да го поттикне својот директен соработник да присуствува на сите службени состаноци, манифестации и семинари кои ги организира СЦНет системот.

**5.1.8** Инструкторот треба да му ги образложи на новиот Соработник неговите должности и одговорности наведени во договорот, Принципите на работа и документите кои се составен дел на Принципите на работа, и да ги подучи како да ја врчат својата претприемничка дејност во склоп на СЦНет системот.

## Поглавје 6. Употреба на заштитниот назив, жиг и авторските материјали на СЦНет

**6.1** Соработникот/Купувач не смее без претходно добиена писмена согласност од страна на СЦнет да:
(а) Употребува лого, меморандуми, заштитен знак, права, домени, други знаци и слично на СЦнет или на Фирмите Партнери;
(б) да направи визит картички, презентации, видеа, аудио податоци, „screenshot-ови", интернет содржини, медиумски содржини, флаери, брошури, интернет страници, рекламни материјали, поштенски материјали, e-mail податоци, почетни страници или слично кои ќе бидат поврзани со СЦнет, да ги дистрибуира во хартиена или во електронска форма или да ги објави (на интернет страниците пр. YouTube или Facebook);
(в) да спроведува јавни настани, како на пр. информативни настани, настани, работилници, семинари итн. со содржини на СЦнет.
(г) да регрутира како Фирми Партнери или како Членови трговци на мало и големо и други различни трговци, друштва кои нудат стоки и услуги на крајните потрошувачи, вклучувајќи бензински станици, франшизи и стоковни куќи, да преговара или иницијално разговара или да презема рекламни активности од каков било вид заради регрутирање на овие друштва, особено во просториите на трговецот или во близина на наведеното друштво.

## Поглавје 7. - Смрт и наследство

Во случај на смрт на Купувачот и/или Соработникот уделот на Купувачот и/или на Соработникот во дејноста на СЦНет системот може да се пренесе на законските наследници или друга личност одредена од нивна страна која ги прифаќа условите на договорот, Принципите на работа и сите останати документи, правила, инструкции кои се составен дел на овој долумент како што е наведено. Доколку договорот не се прифати од страна на законските наследници или не именуваат друга личност, Договорот станува сопственост на СЦНет системот и тој може со него да располага.

## Поглавје 8. – Кршење на договорот, Дисциплински прекршоци – Санкции

Пријава за сторен дисциплински прекршок може да поднесе секој соработник или вработен кој има сознанија дека истиот е сторен.

Пријавата се поднесува до дисциплинската комисија во писмена форма. Членовите на дисциплинската комисија се бираат од страна на директорот на СЦНет Македонија и брои вкупно 3 члена. Дисциплинската комисија може од подносителот на пријавата да поднесе дополнителни објаснувања и докази.

Пријавеното лице е должно во рок од 8 дена од денот на прием на пријавата да се изјасни по истата.

Дисциплинската комисија е должна да по пријавата постапката ја спроведе итно.

Дисциплинската постапка ја води претседателот на Дисциплинската комисија, задолжително се води записник и одлуките се доставуваат со препорачана пошта.

Дисциплинската комисија по завршување на постапката може да го утврди следното:

а) дека е направена повреда на правилата на СЦНет

б) дека не е направена повреда на правилата на СЦНет

Дисциплински прекршоци се следниве:

1. Користење на списоци на соработници, mailing листи од СЦНет поради предлагање на работа во друг систем, предлагање на друг систем на презентациите, семинарите или во просториите на фирмата или во простории кои фирмата ги финансира за работа.

2. Директно или индиректно мешање во работата на вишите структурни позиции во хиерархијата.

3. Директно или индиректно мешање во работата на паралелните структури.

4. Директно или индиректно мешање во работата на СЦНет компанијата.

5.Изнесување на неточни и/или негативни информации по било која основа преку инструкторските линии.

6. Создавање на нездрави међучовечки односи.

7. Пренесување низ мрежата на лаги, навреди, клевети или било какво вознемирување на структурите надвор од СЦНет Македонија.

8. Охрабрување на кршење на правилата дефинирани со Принципите на работа, Договорот за трговско застапување и останатите документи кои се нивни составен дел.

9. Соработникот не смее лажно да се претставува ниту да дава погрешни изјави во име на СЦНет системот. Не смее ниту лажно да ги претставува елементите и концептот на СЦНет системот. Не смее да дава лажни ветувања.

Сето ова се смета за прекршување на Договорот за трговско застапување и Принципите на работа.

За сторен дисциплински прекршок може да се изречат следните дисциплински мерки, поединечно или заедно и тоа:

**8.1** Опомена

8.1.1 Се изрекува за поблаги повреди на овој правилник.

**8.2 Суспензија**

**8.2.1** По изречени две опомени во полесни случаеви или без опомена во потежок случај се изрекува суспензија во траење од 3 месеци која подразбира:

Забранетото присаство на презентации и семинари, забрана за јавно представување на СЦНет

Што вклучува и користење на FB како средство за представување на СЦНет.

**8.3** Привремено или трајно исклучување

Мерката покрај суспензија подразбира привремено или трајно блокирање на сите сметки и пресметки на бодови спрема компензациониот план на СЦНет.

**8.3.1** Во случај на прекршување на одредбите на овој правилник со што се нанесува штета на соработник, група на соработници или мрежа покрај суспензија од 3 месеци се изрекува и мерка на привремено исклучување кое подразбира блокирање на сите сметки и пресметки на бодови спрема компензациониот план на СЦНет.

**8.3.2** Во случај на пренесување на лаги, навреди, клевети или било какво вознемирување на структурите надвор од мрежата на СЦНет Македонија, се изрекува суспензија во траење од 6 месеци и мерка на привремено исклучување која подразбира блокирање на сите сметки пресметки на бодови според компензациониот план на СЦНет.

**8.3.3** Во посебни облици на повреда на одредбите на овој правилник, кои предизвикале поголема материјална или нематеријална штета може да се изрече мерка на трајно исклучување која подразбира исклучување од СЦНет системот.

**8.4** Парична казна

**8.4.1**. За потешки облици на повреда на овој правилник кои предизвикале материјална штета на соработници, група на соработници, мрежата или СЦНет системот се изрекува парична казна во висина од 1000 до 5000 EUR заедно со мерката суспензија предвидена со точка 8.2.1.

**8.4.2** Паричната казна се наплатува така што за износот на изречената казна се задолжуваат сите сметки на соработникот (се ставаат во минус).

**8.5** Право на жалба

На одлуката на дисциплинската комисија соработникот може да поднесе жалба во рок од 8 дена од денот на доставување на одлуката. Жалбата се доставува по писмен пат по препорачана пошта. Комисијата за жалби е должна да одговори во рок од 8 дена по истата. Одлуката на комисијата за жалби е конечна. Комисијата за жалби ја сочинуваат директорот на СЦНет Македонија, директорот на СЦНет структурата и најмалку еден сопственик на удел во компанијата СЦНет Македонија, член кој не смее да членува во Дисциплинската комисија.

## Поглавје 9. - Правила за преструктуирање

Соработникот-регистриран потрошувач може да се преструктуира во следните случаи:

1. Ако за својата регистрација дознал накнадно, од некој друг, може да се преструктуира само под услов да достави Изјава во писмена форма во која ќе опише како и зошто дошло до лошата регистрација и да го наведе идниот инструктор.

Барањето за преструктуирање треба да го достави во канцеларијата на СЦНет Македонија доо (лично, по емаил или по пошта) и секое барање ќе биде посебно разгледано од раководството на компанијата.

2. Ако лошо или недоволно добро му е претставена работната можност.

- На регистрираниот потрошувач кој бара преструктуирање може да му се одобри промена на инструкторот само под услов да од датумот на регистрација поминале најмалку 3 месеци, да немал активности во форма на уплатени депозити (гаранции). Тогаш преструктуирањето се врши автоматски- без консултација со вишата инструкторска линија. (Евиденцијата за влез во Back Office не може да се прифати како доказ за активности)

- Регистрираниот потрошувач кој бара преструктуирање има обврска да ја потврди желбата за активност. Уплатата на привремена сметка или потрошувачката кај ФП преку кобрендинг платежна картичка е неопходен услов за започнување на процесот на преструктуирање.

- Процедурата ја спроведува директорот на СЦНет Македонија доо – исклучиво врз основа на потребните документи.

- Директорот на СЦНет Македонија доо нема право да арбитрира или поставува дополнителни услови.
- Директорот на СЦНет Македонија има обврска да за извршеното преструктуирање го извести првиот виш активен соработник на виша кариерна позиција.

- Директорот е должен да за извршеното преструктуирање ги извести раководителите на структурата на првиот следен состанок.

- За преструктуирањето не се расправа понатаму – само се констатира дека условите за преструктуирање се исполнети и дека ќе биде спроведено.

- Доколку кај некој соработник се утврди повеќе од 3 случаи на непрописно регистрирање, кои довеле до преструктуирање, може да му се забрани понатамошно регистрирање на нови членови, а на неговиот инструктор да му се наложи проверка на останатите регистрации и проверка.

Раководителите на структурата можат на заеднички состанок да донесат одлука да опоменат, пасивизираат или исклучат соработник во следните случаи:

а. ако се занимава со сродна дејност во конкурентски компании и при тоа ја користи структурата, просториите на СЦНет Македонија доо како и други ресурси на СЦНет Македонија доо,

б. ако дејствува против угледот на СЦНет Македонија доо,

в. ако користи регистриран знак и други атрибути на СЦНет Македонија доо, без писмена согласност на директорот на СЦНет Македонија доо.,

г. ако користи регистриран знак и други атрибути на СЦНет Македонија доо во цели кои не се во врска со работата, дејноста и политиката на СЦНет Македонија доо,

д. ако користи податоци добиени во процесот на работа на СЦНет Македонија доо спротивно на интересите и деловната политика на СЦНет Македонија доо., или во тие намени користи податоци негови или од други структури на СЦНет Македонија доо,

- Процедура на исклучување на соработник или поништување на регистрација може да предложат исклучиво раководителите на структурата, на препорака на структурата.

- Решението се носи со гласање за секој конкретен случај (во случај на исти број на гласови, одлучува директорот).

- Може да се предложат привремени мерки, мерки за трајно исклучување и други мерки.

- Донесените решенија стануваат обрасци за наредните решенија.

- Решението за превземените мерки го доставува директорот на СЦНет Македонија доо на членот на кој се однесува во писмена форма со препорачана пошта или по емаил.

- На решението за исклучување, забрана или поништување на регистрација може да се поднесе жалба во рок од 15 дена од датумот на приемот. На решението може да се жали било кое заинтересирано лице од структурата на која се однесува одлуката.

За жалбата директорот на СЦНет Македонија доо ги известува раководителите на структурата на првиот следен состанок, кога се носи и конечното решение.

Решението е извршно и на него нема право на жалба.

Членот може секогаш, и после исклучувањето и другите превземени мерки да ги искористи своите депозити и други остварени приходи на начин предвиден со деловната политика и правилата на СЦНет Македонија доо.Случаи кои не ги претставуваат горенаведените преструктуирања:

1. Случај кога некој по грешка се регистрира на непознат инструктор.

- Во таков случај членот е должен да во рок од 15 дена од датата на регистрација во пишана форма го извести директорот на СЦНет Македонија доо за погрешната регистрација и да го наведе инструкторот каде сака да биде регистриран.

2. Случај кога преструктуирањето се врши во рамки на помала структура со согласност на сите на кои се однесува – се до заедничкиот инструктор каде што структурите се среќаваат.

- Во таков случај барање во писмена форма потпишано од сите заинтересирани треба да се достави до директорот на СЦНет Македонија доо.

3. Случаи на замена на места на соработници (по длабочина) при обострана согласност – согласност од вишите структури, а со цел подобра работа на структурата.

- Во таков случај барање потпишано од сите заинтересирани треба да се достави до директорот на СЦНет Македонија доо.

4. Други посебни случаи наложени од праксата, при општа согласност, а со цел подобра работа на структурата.

## Поглавје 10. – СЦНет Кобрендинг платежна картичка.

Кобрендинг платежна картичка (во понатамошниот текст картичка) е дебитна картичка издадена од Банка сопственик на лиценца и право да истата ја издаде. Право да поседува картичка има секој член на СЦНет и истата е поврзана со неговиот ИД број. При пополнувањето на апликацијата за издавање на картичката членот се согласува да Банката ги доставува до СЦнет податоците за извршените трансакции преку картичката (ИД број, износ на трансакција, дата на трансакција и опис на продажното место). При пополнување на апликацијата членот потпишува и траен налог за префрлување на месечниот надомест (чланарина) на сметка на СЦнет. Доколку членот одбие да потпише траен налог или не се согласува да информациите за направените трансакции Банката ги доставува до СЦнет, Банката има право да не ја издаде картичката. При плаќањето со картичката а во согласност со Планот за надомест-Маркетинг План членот ги остварува поволностите преку СЦнет системот опишани во Планот за надомест-Маркетинг План. Со пополнување на апликацијата (барање) за картичката членот се согласува да плаќа месечен надомест од 150 денари со вклучен ДДВ која ќе се префрлува од трансакциската сметка на членот на сметка на СЦНет Македонија доо. Активност на потрошувачот (активност на картичка) при користењето на картичката подразбира најмалку една трансакција (едно купување) месечно кај Фирмите Партнери. При исплата од сметката на поврат на пари на трансакциската сметка на потрошувачот СЦНет го задржува правото да ја задржи (наплати) месечната чланарина во случај на неактивност на картичката за соодветните месеци или во случај на непочитување на Политиката за фер користење. При користењето на картичката важи Политиката на фер користење која е составен дел на овој документ.

## Поглавје 11. – Политика за фер користење.

**11.1**. Основни цели

Политиката за фер користење на СЦнет (понатаму: Политика за фер користење) служи како инструмент за заштита од злоупотреба и прекумерно користење на услугите кои се предмет на одредена понуда од причини што таквото прекумерно и неконтролирано користење на тие услуги би предизвикало големи трошоци што би влијаело на достапноста и на квалитетот на услугите за останатите членови на СЦнет. Политиката за фер користење се однесува на одредени понуди каде што можноста за користење одредени услуги од понудата на СЦнет е практично неограничена за членот. Понудите на кои се однесува оваа Политика се наведени во член 11.2.

**11.2.** Понуди на СЦнет на кои се однесува Политика на фер користење.

**11.2.1** Услуга неограничена можност за користење на кобрендинг платежна картичка издадена од Банка и неограничен број на направени трансакции во трговијата.

**11.2.2** Можност за заработка на 0,5% од секоја направена трансакција преку картичката над 1.000 денари во трговијата.

**11.2.3** Направен промет преку картичката надвор од Фирмите Партнери на СЦнет.

**11.3.** Права и обврски на СЦнет:

**11.3.1** СЦнет има право да ги брои бројот на трансакции како и вкупниот месечен промет направен во и надвор од Фирмите Партнери на СЦнет.

**11.3.2** Доколку членот ги надмине границите за прекумерно користење СЦнет има право да ги ограничи поволностите (исплатата) на сметката на Поврат на Пари на членот.

**11.3.3** Под прекумерно користење се подразбира направен месечен промет од преку 20.000 денари надвор од Фирмите Партнери на СЦнет и/или направени преку 20 трансакции на месечно ниво надвор од Фирмите Партнери на СЦнет.

**11.4.** Применливост на Политика за фер користење:

Политиката за фер користење ќе се применува на сите Договори или Анекси кон Договори со чие склучување на членот му се овозможува користење услугите на СЦнет. При потпишување ваков тип Договор или Анекс кон Договорот, членот ќе биде запознаен со одредбите од Политиката за фер користење. Со онлине регистрацијата во системот на СЦнет, членот изјавува дека е запознаен со одредбите на Политиката за фер користење и дека ги прифаќа во целост.

## Поглавје 12. – Одговорност.

**12.1.** СЦНет Македонија доо (накратко “СЦНет”) не сносат никаква гаранција за актуелноста, вистинитоста, полноста, законитоста и/или квалитетот на представената информација. Ова важи и за сите продукти и услуги на нашата веб страница, вклучително и за описот на продуктите, цените, како и доставената информација за договорните партнери на "СЦНет". Технички грешки и/или дејствија по поддршката, како и други причини (пример: рестартирање на веб страницата) можат да доведат до привремено или подолгорочно ускратување на достапноста . "СЦНет" не дава гаранција за можностите за користење и достапност до веб страницата. Барања за обештетување од "СЦНет" за морални и материјални штети (на пример: пропуштени добивки, трошоци настанати поради неисполнети задолженија, штети за изгубени податоци, обиди за незаконско збогатување, адвокатски трошоци и такси за подготовка на договори) коишто се создадени поради користење на доставената информација, т.е користење на неточна или непотполна информација, се во целост исклучени, додека не биде докажана предумисла или груба грешка од страна на "СЦНет". Сите понуди се без обврски. ."СЦНет" го задржува правото да менува , дополнува , брише, или да ускратува за извесно време или целосна публикација на делови од веб страницата, како и на сите понуди или објави.
**12.2**. Освен тоа "СЦНет" не сноси одговорност за надворешни хиперлинкови и нивната содржина. "СЦНет" не дава гаранција за актуелноста, вистинитоста, законитоста или квалитет на хиперлинковите. "СЦНет" нема влијание врз актуелното идно оформување, содржина или авторство на хиперлинковите, коишто се биле променети од како бил создаден линкот, како и од странски регистрации во книгата за гости, форумите за дискусии и листите со е-мајл адреси, создадени од "СЦНет". Постојана контрола на содржината на веб страницата со хиперлинкови не се прифаќа без конкретни докази за прекршување на правата, но ако стане јасно, дека сепак има такви прекршоци, истите ќе бидат елиминирани веднаш.
**12.3**. Дозволено е користењето на оваа веб страница само со информациска цел, како и за лични и трговски цели. Целосната содржина на веб страницата е со гарантирани авторски права. Забрането е копирање, користење, давање под наем, публикација или користење на друг начин на податоците кои не се содржани во овој медиум без претходна писмена согласност од "СЦНет". Прекршувањето на оваа забрана може да доведе до правни последици, а воедно во однос на правото на марките, авторското право и правото на конкуренцијата. "СЦНет" експлицитно си ги задржува сите авторски права, правото врз трговските марки и правата за користење (право врз креативноста и одобрување за користење) кои се наоѓаат во оваа веб страница.
**12.4**. СЦНет обрнуваа големо внимание на грижливата и доверливата обработка на личните податоци. Ако во рамките на интернет предлогот е потребен и вовед на лични и службени податоци (е-мајл адреси ,имиња, адреси) и известувањето на оваа информација од страна на корисникот станува можно само со негова доброволна согласност.
**12.5**. Ова ослободување од кривична одговорност треба да се разгледува како дел од интернет понудата. Ако дел од текстот или соодветни формулации не одговараат на правната положба, целосно

или во одредени делови, останатите делови од документот остануваат не засегнати од нивната содржина и валидност.

**12.6** СЦНет е неограничено одговорен само за телесни или психички повреди, повреди на животот и на здравјето, кои се предизвикани со повреда на обврските од страна на СЦНет со намера или со крајно невнимание. Исто така, СЦНет е неограничено одговорен и за други штети, кои се предизвикани поради повреда на обврските од страна на СЦНет со намера или со крајно невнимание.

**12.7** СЦНет е ограничено одговорен само за типични или предвидливи штети, за штети кои резултираат од прекршување заради обично невнимание на обврски кои се фундаментални за соодветно и непречено извршување на договорот и за чие почитување Членот има доверба и право да го очекува (суштински обврски).

## Поглавје 13. Правилник за чување на личните податоци на купувачот и соработникот

Правилникот кој е усвоен од страна на СЦНет системот и кој опишува собирање, употреба, распределба и пренос на лични податоци кои се чуваат во базата на податоци на СЦНет системот како и настојувањето да тие податоци се заштитат, права на физичките или правни лица на кои податоците се однесуваат и е составен дел на овој документ објавен на страницата на СЦнет Македонија доо. (link: Почетна страна/Документи/Политика на Приватност)

Документот Принципи на работа е дополнет и усвоен на 03.01.2017 г.